**Известување за концентрација со која Ерсте Груп Банк АГ, Виена, Австрија, и Глобал Пејментс Инц, Соединетите Американски Држави, ќе стекнат контрола над Ерсте Кард Клуб д.о.о., Загрев, Хрватска**

**(предмет бр. 08-122/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 14.08.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Ерсте Груп Банк АГ со регистрирано седиште на улица Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија, и Глобал Пејментс Инц., со регистрирано седиште 3550 Ленокс Роуд Атланта Џорџија 30326, Соединетите Американски Држави ќе стекнат заедничка контрола врз друштвото Ерсте Кард Клуб д.о.о. , со регистрирано седиште на Улица Фране Фолнеговиќ 6, 10000 Загрев, Хрватска.

Ерсте Груп Банк АГ, Австрија, и Глобал Пејментс Инц, САД, ќе ја стекнат контрола над Ерсте Кард Клуб д.о.о., Загрев, Хрватска преку Глобал Пејментс с.р.о., Чешка Република (субјект заеднички контролиран од Ерсте Груп Банк АГ, Австрија, и Глобал Пејментс Инц, САД)

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ЕРСТЕ ГРОУП БАНК АГ,** е матично друштво на австриска групација за финансиски услуги која нуди банкарски и финансиски услуги во Централна и Источна Европа.
Во Северна Македонија, Ерсте Холдинг има директни и индиректни мнозински и малцински удели во неколку правни лица, вклучувајќи ја и Шпаркасе Банка АД Скопје - комерцијална и малопродажна банка, како мнозински акционер.

Во Република Северна Македонија, Ерсте Холдинг има три регистрирани зависни друштва:

- ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Васил Иљоски бр. 14, Скопје - Центар, со матичен број 4558669; Регистрирана дејност: 64.190 – Друго монетарно посредување;
- Друштво за лизинг ШПАРКАСЕ ЛИЗИНГ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Македонија бр. 34, Скопје – Центар, со матичен број 6472958; Регистрирана дејност: 64.910 – Финансиски лизинг;
- С-АМЦ1 ДООЕЛ Скопје - во ликвидација, со регистрирано седиште на ул. Македонија бр. 34, Скопје – Центар, со матичен број 7002947; Регистрирана дејност: 68.110 – Купување и продажба на сопствен недвижен имот.

**Глобал Пејментс Инц** е водечка компанија за платна технологија која им испорачува иновативен софтвер и услуги на клиентите ширум светот, со светски досег што ги опфаќа Северна Америка, Европа, Азија-Пацифик и Латинска Америка.

Глобал Пејментс Инц. нема имот или активности во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

**Глобал Пејментс с.р.о.** (друштво што стекнува директна контрола) е заедничко вложување помеѓу Глобал Пејментс Инц. и ЕРСТЕ ГРОУП БАНК АГ кое обезбедува услуги за прифаќање трансакции со платежни картички во трговијата во Чешка, Словачка, Романија и Австрија.

Глобал Пејментс с.р.о. нема средства или активности во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

**Ерсте Кард Клуб д.о.о** е друштво што работи во сегментот на прифаќање картички (прифаќање трансакции со платежни картички во трговијата) во Хрватска, и нуди услуги за прифаќање картички и обработка на плаќања на главните брендови на картички. Ерсте Кард Клуб д.о.о нема средства или активности во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

19.08.2025 година

Скопје